# ЧАРЛС СТАД
## МИСИОНЕРОТ- ПИОНЕР

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

COPYRIGHT ©1998 European Child Evangelism Fellowship. Сите права придржани
Употребено со дозвола. Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба. За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

**Издавач за Европа**
European Child Evangelism Fellowship
Kilchzimmer
CH-4438 Langenbruck
Switzerland

**Издавач за Велика Британија**
WEC Publications
Bulstrode, Oxford Road,
Geragds Cross, Bucks, SL9 8SZ
England

**За македонското издание:**
**издавач: Македонска Мисија за Евангелизација на Деца; П.фах 199, 91000 Скопје**

**Вовед**

Чарлс Стад беше целосно предаден на Бог. Се откажа од својот дом, богатство, од своето семејство, поради Исус. Целта на неговиот живот беше да се прослави Бог преку евангелизацијата на недопрените. Тој беше човек и имаше свои слабости. Но постави пример преку својата неизмерна љубов кон Бог и кон загубените.

Оваа мисионерска приказна е напишана за да ги охрабри христијанските момчиња и девојчиња да бидат сведоци за Христос таму каде што се и да ја дознаат Божјата волја, за знаат дали да станат мисионери. Денешната потреба е голема. Денес има повеќе неевангелизирани луѓе коишто живеат на нашава планета отколку што имало за време на сиве овие години.

*"Поткренете ги очите и видете ги полињата како побелеле за жетва"* *(Јован 4:35).*

**СОДРЖИНА:**


| | |
|---|---|
| Прв дел: | Живот предаден на Исус |
| Втор дел: | Чарлс го послуша Божјиот повик |
| Трет дел: | Мисионери во Кина |
| Четврт дел: | Нови чекори во верата |
| Пети дел: | Носејќи го Евангелието во Африка и низ целиот свет |


**ВАЖНИ ГОДИНИ ВО ЖИВОТОТ НА ЧАРЛС СТАД:**

| | |
|---|---|
| 1860 | Роден во Вилтшир, Англија. |
| 1876 | Се обратил преку сведоштвото на г-дин Ветерби. |
| 1885 | Заминал за Кина |
| 1888 | Се оженил за Присила Стуарт. |
| 1894 | Со семејството се вратил во Англија. |
| 1900-1906 | Бил пастор во Утакамунд, во Индија. |
| 1910 | Ја истражувал потребата за мисионери во Централна Африка. |
| 1913 | Ја започнал работата на WEC во Африка. |
| 1917 | Се вратил во Африка за последен пат. |
| 1931 | Умрел во Конго. |

**ПРВ ДЕЛ:**
**ЖИВОТ ПРЕДАДЕН НА ИСУС**

**Слика 1-1**

Дали можеш да си замислиш да бидеш ученик во најпознатото средно училиште во Британија? Итон беше прочуен како најдоброто училиште, каде што можеа да одат само синовите на најбогатите родители. Најголема почест на Итон била да се биде избран за член на крикет тимот.

Крикет е игра која се игра на отворено Секој играч се обидувада ја удри топката со својата палка колку што може подалеку. Тоа му дава време да истрча меѓу два пара вертикално поставени стапа. Има повеќе начини како играчот може да излезе од игра. Првиот начин е ако човекот кој ја фрла топката го погоди едниот пар стапови. Тој исто така може да излезе од игра ако некој од луѓето кои се на игралиштето ја фати топката или ја фрли кон едниот пар стапови додека човекот сè уште не завршил со трчањето. Ако удирач истрча 50 круга, тоа е висок резултат. Само еднаш во целата историја на Итон се случи (1877) да има тројца браќа во истиот тим во исто време. Нивните имиња беа: Кинестон, Џорџ и Чарлс Стад. Сите тројца беа многу добри играчи.Таа година Итон ги победи своите најголеми ривали, Хероу. За време на првиот дел против Винчестер, најстариот брат Кинастон, истрча 52 круга; вториот Џорџ истрча 54 круга, а најмалиот од тројцата, Чарлс истрча 53. Можете да си замислите колку извонреден меч беше тоа.

**Слика 1-2**

Истата таа година додека момчињата играа крикет за Итон, татко им беше поканет од еден пријател да слушне еден проповедник од Америка. Името му беше Д. Л. Муди. Тој едноставно го раскажа Евангелието: "Сте ставиле други нешта пред Бог. Сакате да го живеете животот на ваш начин. Бог е свет и мора да го казни гревот. Еден ден, Исус Христос, Божјиот Син, ја зеде на крстот казната за нашиот грев. Тој умре за нас и пак воскресна. Треба да побараш од Христос да те спаси. Дали ќе поверуваш во Него уште денес?" Г-дин Стад знаеше дека Муди ја кажува вистината и тој се врати да го слушне повторно. Една вечер, за време на состанокот тој му се довери Исус да го избави од гревот. Тој веднаш почна да им кажува на другите за Господ Исус Христос и да ги повикува во својот дом да го слушнат Евангелието. Тој ги повика своите три сина да дојдат со него да го слушаат г-дин Муди но тие не чувствуваа потреба да го имаат Исус во своите животи.

Дали можеш да се сетиш како беше кога ти го повика Исус да те спаси? Некои од вас Му се имаат доверено на Исус како што направи и г-дин Стад. И вие сакате да им ја кажете радосната вест на другите луѓе. Сигурен сум дека и вие сте дознале дека има луѓе кои сакаат да слушаат, но и дека има и луѓе кои не сакаат. Тоа не треба да нѐ спречи во тоа да им кажуваме на луѓето за Спасителот. Не беше лесно и за г-дин Стад.

**Слика 1-3**

Помина една година. Момчињата беа дома за време на летниот распуст. Секоја недела кај татко им дома имаше човек кој престојуваше- проповедник кој зборуваше на неделните состаноци. Едно саботно утро момчињата испланираа трик за човекот кој требаше да проповеда. Тие му понудија на г-дин Ветерби да јава заедно со нив бидејќи дознаа дека тој не знае добро да јава. Трите момчиња јаваа зад својот татко и проповедникот. Одеднаш тие многу бргу поминаа покрај двајцата; ова им оневозможи на татко им и проповедникот да ги задржат коњите. Некако проповедникот успеа да се задржи за коњот. Момчињата го повторија истиот трик неколку пати, а нивниот татко не можеше ништо да каже бидејќи и тој самиот сакаше да се насмее.

Не беше убаво од страна на момчињата да го исмеваат човекот, кој беше дојден да зборува за Библијата. Дали некогаш си направил нешто такво? Можеби си зборувал со својот другар за време на лекцијата, или заедно сте се смееле за тоа. Не е убаво да се исмејуваат оние луѓе кои дошле да ни зборуваат за Евангелието. Тие сакаат да ни помогнат, а ова е најважната порака што можеме да ја слушнеме - како да се спасиме од гревот.

**Слика 1-4**

Проповедникот не се обесхрабри од тоа што го направија момчињата. Тоа попладне тој насамо зборуваше со сите тројца за Господ Исус Христос. Додека Чарлс излегуваше да игра крикет, човекот го изненади со едно прашање: "Дали си христијанин?" Чарлс одговори: "Јас не сум она што вие би го нарекле христијанин. Јас верувам во Исус уште од мали нозе. Исто така верувам и во црквата"

Проповедникот одговори: "*Зошто Бог толку го засака светот што го даде Својот Единороден Син, та секој верува во Него да не загине, туку да има вечен живот (Јован 3:16)*".

"Дали веруваш дека Исус умре за тебе?"

"Да".

"Дали веруваш во другата половина на стихот -дека оние кои веруваат во Исус ќе имаат вечен живот?"

"Не", рече Чарлс, "јас не верувам".

Проповедникот рече: "Или Бог или ти не ја кажувате вистината. Дали мислиш дека Бог е лажго?

"Не", рече Чарлс.

"Дали секогаш ќе се двоумиш да го направиш тоа што е правилно - верувајќи само во еден дел од стихот, а не и не во другиот?"

"Се надевам не секогаш", одговори Чарлс, но сфати дека треба да се соочи со тоа прашање во истиот момент.

Проповедникот рече: "Вечниот живот е подарок. Кога некој ќе ти подари нешто за роденден, што правиш? Велиш "благодарам ". Дали ќе Му се заблагодариш на Бог за овој подарок?" Чарлс Стад клекна и му рече "благодарам" на Бог. Тој Го замоли Господ да го спаси од неговиот грев, и истиот момент доби радост и мир. Тој знаеше дека има нов живот, вечен живот. Поминаа неколку дена пред браќата да откријат нешто; човекот тоа попладне беше разговарал со сите тројца насамо и секој од нив се молел да го прими Исус. Тоа беше најважниот ден во животот на сите тројца.

**Слика 1-5**

Чарлс многу сакаше крикет. Тој многу добро знаеше да фрла и да удира. Поминуваше часови пред едно големо огледала вежбајќи го своето удирање. Тој не пушеше, бидејќи се плашеше дека чадот ќе им пречи на очите. Откако неговите постари браќа завршија со училиштето, тој стана капитен на тимот на Итон. Кога отиде да учи во Кембриџ, беше избран за играч и набргу стана нивен најдобар играч и капитен. Всушност, во 1882 год. тој беше прогласен за надобар играч на крикет во Англија. Наредната година стана член на државниот тим кој отде во Австралија и победи на турнир.

Низ играњето крикет, Чарлс научи како да биде храбар, трпелив, како да работи тимски. Иако беше вистински христијанин, тој му дозволи на крикетот да заземе преголема улога во неговиот живот. Премногу време поминуваше играјќи и немаше доволно време за Бог. Има ли во твојот живот работи кои изгледаат дека се поважни од живеењето за Господ Исус Христос? Ако си христијанин Исус треба да биде прв во твојот живот;

најважно од сè треба да ти е да Му угодиш и да Го правиш она што го вели Библијата.

**Слика 1-6**

Во текот на шесте години додека Чарлс беше студент, тој на луѓето не им кажуваше за Исус, како што требаше. Тој го знаеше Евангелието, но ја немаше храброста потребна да го сподели со други. Имаше луѓе кои се молеа за него да добие нова љубов за Исус. Кон крајот на своето школување, Бог ја искористи болеста на неговиот брат Џорџ да му покаже дека најважната работа во животот е да се врши она што Бог го сака. Џорџ за малку ќе умреше, но неговата вера во Бог беше голема. Чарлс сфати дека најважното нешто што треба да го имаш кога ќе се соочиш со смртта е да Го имаш Исус во својот живот. Тој рече: "Не е важно колку сум познат како играч, колку сум богат или колку популарен. Да се познава Исус како Спасител и Господ, и да Му се служи, е многу, многу поважно.

**Слика 1-2 (повторно употреби ја сликата од Муди)**

Неговиот брат Џорџ најпосле оздраве и Чарлс повторно се врати во Лондон за да го чуе г-дин Муди. Додека Муди зборуваше Чарлс сфати: "Јас не го живеев својот живот за Господ. Крикетот ми беше поважен од мојата работа за Бог. Чарлс побара од Бог да му прости и да преземе целосна контрола врз неговиот живот. Му дозволи на Бог да биде на прво место. Тогаш веднаш почна да им кажува на своите пријатели за Исус. Набргу тој го виде својот прв пријател како го прифаќа Исус. Тој рече: "Радоста која ја имав гледајќи како се спаси мојот пријател, беше поголема од било која што сум досега ја имал играјќи крикет". Тој сè уште играше, но сега најмногу од сè сакаше на другите да им ја каже радосната вест за Исус Христос.

**Слика 1-6**

Чарлс Стад требаше да научи уште една многу важна лекција - дека не може да му служи Бог само со сопствена сила. Требаше да научи целосно да зависи од Бог, за Тој да работи преку него. Не можеше да смета на сопствените способности, па дури ниту на советите или помошта на другите. Имаше нешта што мислеше дека може да ги направи без Божја помош, како на пример, имаше предмети што требаше да ги учи на факултетот; дали тогаш му беше потребна Божјата помош и сила за тоа?

Тогаш ја сфати големата вистина: "*... не си припаѓате на себе си! Зашто сте скапо платени ...*" (1. Кор. 6:19,20). Една вечер во својата соба, тој клекна и целиот свој живот му го предаде на Бог. Како молитва ги употреби зборовите од една песна:

Земи го мојот живот и нека биде
Предаден на Тебе,
Земи ги моите моменти и моите денови
Нека течат со непрестајно славење.

Таа ноќ тој сфати дека треба да Му верува на Бог како што мало дете му верува на својот татко да го однесе на место на кое никогаш не бил. Тој требаше да го живее својот живот целосно верувајќи Му на Бог. Тој знаеше дека Бог може многу да му помогне, ако тој му предаде Нему сè. Затоа тој поверува дека во него и преку него Бог ќе ја исполни својата волја. Откако му Го предаде својот живот, Господ Исус му даде прекрасен мир и радост. Ако ти си христијанин дали си спремен да кажеш:

"Драги Господе, сè што сум, сè што имам и сè што се надевам да бидам, сега и за секогаш ти предавам Тебе, за твоја полза и Твоја слава. Те молам, Господи, помагај ми да издржам во тоа. Амин. "

Запомни дека, ако сакаме да Му служиме на Бог, тоа треба да биде преку Неговата сила. Тој сака ние целосно да му се предадеме Нему и да веруваме само во Него.

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ ОД ПРВИОТ ДЕЛ

1. Како се викаа трите браќа Стад?
(Кинастон, Џорџ, Чарлс).

2 . Кој им беше најомилен спорт?
(Крикет.)

3. Што особено сакаше нивниот татко да прави откако го прими Исус за Спасител?
(Да им кажува на другите за Спасителот.)

4. Како мочињата станаа христијани?
(Преку Г-дин Ветерби.)

5. Зошто Чарлс не живееше за Господ онака како што требаше?
(Тој дозволи крикетот да заземе преголемо место во неговиот живот.)

6. Што употреби Бог за да му покаже на Чарлс што е најважно во животот?
(Брат му, Џорџ, за малку ќе умрел.)

7. Чарлс рекол дека нешто му дало поголема радост од таа што ја имал кога играл крикет. Што беше тоа?
(Радоста што ја имал кога го видел својот пријател дека го примил Исус за свој Спасител.)
8. Која лекција ја научи Чарлс, а која му беше потребна за целиот живот?
(Научи целосно да биде зависен од Господ.)

## ВТОР ДЕЛ
## ЧАРЛС ГО ПОСЛУША БОЖЈИОТ ПОВИК

**Вовед:**

Чарлс Стад стана христијанин кога беше студент на Итон. Но, тој дозволи крикетот да заземе преголемо место во неговиот живот. Спортот стана негов "идол" и беше најважното нешто во неговиот живот, поважно дури и од живеењето за Исус. Тој се врати кај Господ кога беше на Кембриџ, за време на болеста на брат му. Тој го замоли Господ да му прости и почна на другите луѓе да им кажува за Него. Подоцна Чарлс сфати дека треба секој дел од својот живот да Му го предаде на Христос. Увиде дека не може да му служи на Бог ослонувајќи се на својата сила; Господ требаше да ја изврши Својата волја во него и преку него.

**Слика 2-1**

Кога Чарлс му се врати на Господ, тој сакаше да Му служи со цело срце. Додека ја читаше Библијата и се молеше, тој чувствуваше дека, наместо да најде работа по завршувањето на факултетот, Бог повеќе би сакал тој да го посвети целото свое време на ширење на Евангелието помеѓу луѓето. Тој како свое библиско мото го зел стихот: "*Зошто каква полза има човекот ако го добие целиот свет, а д напакости на својата душа*" (Марко 8:36). Да Му се припаѓа на Господ беше повредно од сите богатства на светот. Тој одлучи да ја дознае Божјата волја за неговиот живот. Не помина долго време откако тој го беше предал својот живот на Господ кога сфати дека Бог го повикува да биде мисионер во Кина.

Можеби овде има мочиња или девочиња христијани, и Господ ти помогнал да сфатиш дека тој има специјален план за тебе: тој сака ти да го употребиш сето свое време за да им го однесеш Евангелието на другите. Ако Господ те повикува да бидеш мисионер, треба да Му заблагодариш за тоа. Ако ти ја послушаш Неговата волја, можеш да Му веруваш дека тој ќе го направи останатото.

**Слика 2-2**

Чарлс отиде на состанок каде што еден мисионер кој требаше да се врати во Кина ја споделуваше големата потреба за работници таму. Додека тој Му се молеше на Бог во врска со тоа што тој да направи за Кина, знаеше дека има само едно нешто што можеше да го спречи да отиде таму, а тоа беше неговата голема љубов кон мајка му. Татко му умре две години по обраќањето, и мајка му остана сама. Тогаш тој го прочита делот од

Библијата каде што пишува: "*Кој љуби татко или мајка повеќе од Мене, и кој љуби син или ќерка повеќе од Мене не е достоен за мене*" (Матеј 10:37). По ова, тој знаеше дека е Божја волја за него да оди во Кина. Повеќе од сѐ, сакаше да Му биде послушен на Бог. Тој исто така знаеше дека може да Му верува на Бог да се грижи за мајка му во Англија.

Не беше лесно. Колку повеќе тој сакаше да оди во Кина, неговото семејство беше сѐ повеќе против тоа.

**Слика 2-3**

Неколку луѓе се обидоа да го разубедат. Неговата сопствена мајка го молеше да остане во Англија. Некои христијански пријатели му велеа дека може да направи многу за Бог ако остане во Англија и работи помеѓу младите луѓе.

Неговиот најстар брат му рече: "Правиш грешка. Ќе ѝ го скршиш срцето на мајка ти".

"Јас не сакам да бидам тврдоглав и да отидам поради моја одлука. Јас само сакам да ја исполнам Божјата волја. Ајде да го прашаме Бог" - одговори Чарлс. И така двајцата клекнаа и се молеа да се исполни Божјата волја.

Таа ноќ Чарлс не можеше да заспие. Постојано мислеше на еден стих од Библијата: "*Побарај од мене и ќе ти ги дадам...... и краиштата на земјата - во твојата власт*" (Псалм 2:8). Тој ова го сфати како ветување од Бог дека луѓето во далечна Кина ќе го слушнат Евангелието и ќе ја стават својата верба во Господ Исус Христос. Чарлс беше сигурен дека Бог му говори преку овој дел од Неговиот Збор . Тој знаеше дека мора да го послуша она што Бог го заповедал и да го направи - без разлика на тоа што мислат неговото семејство и пријателите.

Не е секогаш лесно кога ја следиш Божјата волја. Некои можеби ќе се обидат да те спречат; можеби некои од твоето семејство. Дали ти би бил подготвен, како Чарлс, да го напуштиш своето семејство, дури и кога тие не разбираат дека си повикан од Господ?

**Слика 2-4**

Кога Чарлс беше сигурен дека Бог го вика во Кина, отиде да зборува со Хадсон Тејлор, директорот на Кинеската Внатрешна Мисија (КВМ). Тој беше примен како еден од нивните мисионери. Станли Смит, кој му беше пријател на Чарлс уште од универзитетот, веќе му имаше одговорено на Божјиот повик. За неколку недели им се придружија уште петмина млади луѓе кои исто така го завршија истиот факултет. Весниците објавија статија за овие седум брилијантни момчиња кои се откажале од сѐ за да одат во Кина како мисионери. Ги викаа "Седморката од Кембриџ". Кембриџ и Оксфорд се двата најдобри универзитети во Британија. Други студенти на универзитетите, и многу млади луѓе низ земјата беа трогнати од фактот дека толку способни момчиња ги предале своите животи за да го однесат Евангелието во Кина. Други млади христијани сфатија дека треба да се соочат со прашањето: "Дали сум јас спремен да го предадам својот живот за да им кажам на оние кои не слушнале за Исус?" Дали ти би бил спремен да му кажеш "да" на Бог ако тој ти покажал дека сака ти да одиш како мисионер во некоја далечна земја, помеѓу народ во кој тешко се сведочи?

Веста за седумте студенти се рашири насекаде; дури и кралица Викторија беше среќна што доби копија од малата книга во која пишуваше за тоа како Седуммината го примиле Исус за свој Спасител и како го примиле повикот од Бог за да одат во Кина.

**Слика 2-5**

Чарлс Стад беше необичен човек и во животот му се случија многу интересни работи. Не треба да мислиш дека такви работи мора да се случуваат во твојот живот. Бог може да те искористи, дури и ако не одиш на факултет. Бог има за тебе задача која ти треба да ја извршиш. Таа ќе биде поинаква од онаа на Чарлс.

Неколку христијански професори од универзитетот во Единбург им пишаа на Чарлс Стад и Станли Смит за да ги замолат да говорат на еден собир за студенти на универзитетот. Двајцата стигнаа порано и го поминаа првиот дел од попладнето во молитва. Тие знаеја дека е многу важно да се помине време во молитва кога сакаа да бидат употребени од Бог. Салата беше преполна со студенти. Тие беа дојдени да ги слушнат овие познати спортисти кои се откажале од сѐ за да Му служат на Бог во Кина. Студентите беа длабоко импресионирани од големата љубов на двајцата за Исус.

Тие мисионерите ги замислуваа како луѓе со долги лица, кои што пеат само духовни песни, а не млади, богати луѓе кои се откажале од славата, семејството пријателите за на други да им го проповедаат Евангелието.

Имаше уште еден собир во Единбург на кој присуствуваа 3000 студенти. Чарлс им кажал како Господ Исус Христос му го променил животот и му ја покажал Неговата волја; им кажал како добил силна љубов за Спасителот и за оние кои не Го познаваат. Стенли Смит им ја кажал Радосната Вест за Христос, дека Тој умрел и воскреснал за нив. Тој е жив Спасител кој може да менува животи и денес. На крајот на собирот многу студенти беа погодени и заплакаа, бидејќи не беа спасени. Чарлс Стенли и други христијани ја имаа радоста да зборуваат со многу од нив за тоа како можат да му свртат грб на гревот и да Му се доверат на Исус за да ги спаси.

**Слика 2-6**

Собири беа организирани и на други универзитети во Британија. Тоа беше прекрасна шанса за Чарлс и Стенли да го проповедаат Евангелието. Особено многу доаѓаа младите луѓе за да ги слушаат. Многумина станаа христијани. Во Ливерпул, на пример, на крајот на еден собир 60 студенти побараа Исус да ги спаси од нивниот грев; тие сакаа Бог да ги измени нивните животи. Бог ги употреби Чарлс и Стенли за да им зборуваат и на христијани. Еден од нив беше пастор Ф.Б. Мајер. Тој виде во животот на Чарлс нешто што беше поинакво. На крајот на собирот тој го праша Чарлс што е тајната на неговиот животот. "Тајната е дека Бог од Ч.Т. Стад го доби сѐ она што може да се добие". Тоа беше голем предизвик за Мајер. Таа ноќ ја помина во молитва барајќи Бог да го земе секој дел од него. Но имаше еден дел што сакаше да го зачува за себе. Конечно, тој се откажа од тоа и му дозволи на Бог да го земе и тој дел. Тоа беше значајна ноќ за него. Оттогаш натаму, Бог почна да го користи на посебен начин да им помага на другите да поверуваат во Спасителот и да живеат за Него.

Дали си ти подготвен да одиш како мисионер, ако Бог те повика? Дали на Господ ќе Му кажеш "да", дури и ако тоа значи дека ќе треба да го оставиш семејството, домот, пријателите, за да можеш на другите да им кажеш за Спасителот? Дали ја знаеш тајната? Дали можеш да кажеш: "Бог од мене доби сѐ што можеше да добие"? Дозволи му на Бог да ја исполни Својата волја во секој дел од твојот живот и тој ќе те употреби за да им помогнеш на другите, исто како што ги употребил Чарлс Стад и Ф.Б.Мајер.

**Слика 2-4 (уште еднаш)**

Последните собири што ги одржа седморката од Кембриџ, пред да заминат за Кина, беа одржани во Кембриџ, Оксфорд и Лондон. Што ќе им се случи на Чарлс и на другите мисионери кога ќе стигнат во Кина? Ако сакаш да дознаеш дојди следниот пат и ќе го слушнеш следниот дел од оваа прекрасна случка за Божјото дејствување во животот на Чарлс Стад.

**ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ ЗА ВТОРИОТ ДЕЛ**

1. Што Господ го повика да стане Чарлс?
(Да биде мисионер во Кина.)

2. Како Господ му покажа на Чарлс дека тој треба да оди во Кина?
(На собир каде еден мисионер зборуваше за големата потреба од работници таму.)

3. Кои беа против неговото одење во Кина?
(Неговото семејство.)

4. Што го направи Чарлс сигурен дека треба да оди?
(Божјото Слово - Матеј 10:37; Пс. 2:8.)

5. Кои беа "Седуммината од Кембриџ"?
(Седум студенти од универзитетот Кембриџ кои одговорија на Божјиот повик да одат во Кина.)

6. Пополни ги во овој стих зборовите што недостигаат:
"Зошто каква полза има човекот, ако го ________ , а ѝ напакости на својата душа?"
("Добие целиот свет" Марко 8:36.)

7. Што му рече Чарлс Стад на Ф.Б.Мајер, која е тајната на неговиот животот?
(Тој рече: "Бог од Ч.Т. Стад го доби сѐ она што може да се добие".)

8. Наброј некои од работите што се случија откако Чарлс му рече "да" на Бог за одењето како мисионер?
(Студенти се спасуваа, христијани беа предизвикувани да му предадат сѐ на Бог, дури и на кралицата Елизабета ѝ се допадна тоа.)

## ТРЕТ ДЕЛ
## МИСИОНЕРИ ВО КИНА

**Слика 3-1**

Седуммината од Кембриџ запловија за Кина пред повеќе од 100 год. (Февруари 1885). Бог ги искористи да доведат други до Исус на самиот брод. Еден човек беше на пат за Индија каде што беше капетан на параброд. Тој беше познат како човек кој лаже, псуе и пие. На почетокот, кога Чарлс почна да разговара со капетанот, тој ја исмеваше Библијата. Чарлс не се откажа и му кажа за радоста и мирот кои што Бог му ги дал. Таа ноќ капетанот во својата кабина му кажа на Бог дека тој навистина жали за своите гревови. Тој побара Исус да го преземе неговиот живот и тој беше чудесно изменет. Кога ќе поверуваш во Исус за да го земе твојот грев, Тој исто така ќе ти даде нов живот. Сега капетанот со радост им кажуваше на другите за Исус Христос и времето од остатокот на патувањето го поминуваше колку што беше можно повеќе во читање и проучување на Библијата.

Чарлс научи дека како мисионер треба да почнеш да им кажуваш на другите за Исус таму каде што си. Ако си христијанин, дали им кажуваш на твоите другари од улицата и училиштето за Исус?

Некои луѓе мислат дека мисионерите се совршени: "Тие не можат да погрешат". Тоа не е точно. Чарлс ги имаше своите недостатоци, исто како и другите христијани. Честопати беше нестрплив; понекогаш немаше да го направи тоа што водачите на мисијата ќе го побараа од него; не беше секогаш лесно да се работи со него, бидејќи тој си имаше свој начин на кој ги вршеше работите и не сакаше да бара совет од други.

Чарлс често зборуваше за "Бог на невозможното". Причината поради која се случија сите добри работи не беше во големината на Чарлс Стад; туку поради Големиот Бог и Спасител на кого Му служеше.

**Слика 3-2**

Кога мисионерите пристигнаа во Кина, таму ги пречекаХадсон Тејлор. Наскоро тие почнаа да го учат јазикот и сè друго што можеа за кинескиот народ. Им беше кажано дека најдобриот начин на кој можат да ги допрат е да станат како нив. И така, тие почнаа да носат иста облека како Кинезите. За мажите ова значеше дека треба да се откажат од панталони и кошули и да носат кинески кошули и наметки со долги ракави. Тие дури ја пуштија својата коса за да можат да си фатат плетенки како Кинезите. Каква разлика од деновите поминати во Кембриџ! За да го научат јазикот, секој од нив беше испратен во различен дел од Кина за да живее со луѓето. Кинезите не беа навикнати да гледаат бели луѓе, па така сè што ќе направеше Чарлс тие го гледаа со љубопитство.

Требаше долго време и напорна работа за да се научи јазикот. За Чарлс беше тешко да не може да зборува со луѓето помеѓу кои Бог го повика. За време на таа самотија Чарлс поминуваше многу часови проучувајќи ја Библијата. Стануваше рано за да ја чита Библијата и да се моли, за да може да го започне денот. Тој научи да живее ден за ден, како што учи Библијата. Ова е лекција која треба да ја научи секој од нас кој верува во Исус. Треба да одвоиме дел од секој ден за да се молиме и да ја читаме Библијата. Треба, со Божја помош, да се обидеме да го примениме тоа што Библијата го вели во нашиот секојдневен живот.

Животот во Кина беше далеку од удобен. Времето беше топло. Чарлс, како и другите, мораше да спие на подот без душек. Постојано јадеа ориз. Повеќето од паувањата мораа да бидат пеш; едноставните кинески сандали не му ги заштитуваа нозете од патот. Уште полошо беше тоа што имаше немири, а странците беа особено напаѓани. Луѓето ги нарекуваа "странски ѓаволи". Да се биде мисионер може да биде мошне тешко.

**Слика 3-3**

Еден од поголемите благослови што Бог му ги даде беше прекрасна жена. Нејзиното име беше Присила Стујарт. Таа беше од Северна Ирска (од Лисбурн). И таа исто така беше мисионерка во Шангај. Двајцата се сретнаа кога Чарлс отиде да го види брат му Џорџ. И таа исто така го беше предала својот живот на Христос, исто како и Чарлс. Бог ја имаше многу упоребено во работата меѓу луѓето во Шангај. Венчавката беше едноставна и немаа некакви специјални облеки. Присила носеш една голема лента на која пишуваше: "Обединети да се бориме за Исус". На крајот од службата и двајцата клекнаа и Му ветија на Бог: "Ние никогаш нема да си попречуваме еден на друг во службата за Тебе."

Ако ти си христијанин, треба да се молиш Бог да те води во тоа дали треба да стапиш во брак, или со кого. Прекрасен благослов и помош е да се биде во брак со вистинската личност. Подобро е да се остане немажен / неженет отколку да се биде мажен / женет со погрешна личност.

**Слика 3-4**

Полека Чарлс научи да зборува Кинески. Каква радост беше да може да се сподели Радосната Вест за Спасителот. Кога некој Кинез ќе станеше христијанин, тој се соочуваше со многу тешкотии од своето семејство и пријатели. Еден од оние кои дојдоа кај Исус беше г-дин Фан. Пред да биде спасен, тој беше најлошиот човек во целата провинција. Тој имаше убиено човек. Кога се обрати рече: "Јас морам да одам во градот каде што ги направив сите тие зла и да им кажам за Радоснат Вест". Голема толпа народ се насобра за да го слуша. Градоначалникот, мандаринот, нареди да му бидат удрени 2000 удари со бамбусов стап. Откако го направија тоа, луѓето мислеа дека е мртов. Но г-дин Фан не беше тепан поради тоа што тој го беше направил, туку затоа што на другите им кажуваше за Исус. Го донеле каде што беа мисионерите, и по долга нега тој оздраве. Тогаш тој рекол: "Јас морам да се вратам во мојот град и да го проповедам Евангелието". Овој пат го пратиле во затвор, но тој проповедал од прозорецот на својата ќелија. Толку многу луѓе се собирале да го слушат, што мандаринот се откажл од тоа да го држи затворен и морал да го пушти.

Додека Чарлс беше во Кина, тој дозна дека од татко му наследил многу пари. Бог му покажа еден посебен начин "да го направи она што богатиот младич не го направи". Што беше тоа што богатиот младич не го направи? (Учителе, дозволи им на децата да одговорат). Чарлс ги подари парите како помош на повеќе христијански мисии. Тој сакаше да зависи од Бог, а не од некоја сметка во банката во Англија. Бог го благослови и продолжи да му ги исполнува потребите. Парите што ги даде тој помогнаа многу во Божјата работа, а помогнаа и да се започне Библискиот институт "Муди" во САД. Ова библиско училиште оспособи многу христијански работници и мисионери. Тоа започна во спомен на Д.Л. Муди, проповедникот кој многу му значеше на Чарлс, а особено на неговиот татко.

**Слика 3-5**

По венчавката, Чарлс и Присила отидоа во еден град во внатрешноста на Кина за таму да започнат со Божјата работа. Таму порано немало мисионери. Нивниот дом беше многу едноставен, типичен Кинески дом. Имаше обични бели варосани ѕидови и под од тули, со огниште во средината и кревет од тули. Тие изградија едноставна црква - во Кинески стил.

Им требаше долго време да ја стекнат довербата на локалните луѓе. Од почетокот тие, секогаш кога ќе ги видеа Чарлс и Присила како излегуваат од нивната куќа, ги колнеа. Ги обвинуваа за сушната година, затоа што немаше дожд; се обидуваа да им влезат во куќата, па дури се обидоа да ја разурнат црквата. Но Бог ги благослови во нивниот труд да им кажуваат на другите за Спасителот. Многумина се спасија и почна да живеат за Христос и на другите да им кажуваат за Него.

Ако ти си христијанин, дали се молиш за мисионерите? Некои од нив се соочуваат со тешки или опасни ситуаци денес исто како што Чарлс и Присила се соочуваа пред многу години во Кина. Библијата ни кажува за што треба да се молиме:

Прилики за да може на другите да им се каже за Спасителот (Колошаните 4:2,3).
Да се спасуваат луѓе (Римјаните 10:1).
Да има повеќе работници што ќе им помогнат на луѓето да дојдат при Исус (Матеј 9:38).
Доволно пари за мисионерите да имаат да живеат и работат за Бог (Филипјаните 4:14-19).

**Слика 3-6**

Чарлс и Присила отворија место каде што луѓе кои беа зависни од опиум можеа да дојдат и да им се помогне да престанат да го користат. За седум години преку 800 мажи и жени престојуваа во нивното "Прибежиште од Опиум". Многумина беа излечени, а и спасени. Пушењето или џвакањето опиум во тоа време беше голем проблем во Кина. Од почетокот, кога ќе почнеа да земаат опиум, не им беше ништо. Подоцна не можеа да запрат и мораа да земаат сè повеќе и повеќе. Опиумот ги правеше немоќни и мрзливи. Многумина заработуваа за живот продавајќи ја дрогата. Кога некој ќе се обидеше да прекине со користењето опиум добиваше страшни кошмари, стануваше насилен и многу болен. Тоа беше долга, тешка и исцрпувачка работа за Чарлс и Присила, додека им помагаа на тие луѓе да престанат да ја земаат таа дрога.

За тоа време Бог ги благослови со четири ќерки и син кој умре при раѓање. Бог нема ветено живот без тага, болести или неволи. Имаше периоди кога и Чарлс и Присила беа многу, многу болни и дури можеа да умрат. Бог ги штитеше. Тој исто така користеше луѓе кои им праќаа пари и храна што им беа потребни. Тие го искусија Божјото ветување: "*А мојот Бог ќе ги исполни сите ваши потреби, според Своето богатство во славата -во Христос Исус*" (Филипјаните 4:19).

Можеби да се стане мисионер за некои изгледа како возбудлива авантура. Всушност тоа значи жртвување, напорна работа, често пати осаменост

и неудобности. А сепак знаеме дека нема побезбедно и подобро место во целиот свет од тоа да си во центарот на Божјата волја за нас. Ако си христијанин, дали си го прашал Бог дали Тој сака ти да бидеш мисионер, или еден ден да работиш полно работно време за Него? "*Сѝ шѿо ќе ви рече наџравеѿе*" (Јован 2:5).

### ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ ЗА ТРЕТИОТ ДЕЛ

1. Како Чарлс покажа дека е "вистински мисионер" додека беше на брод на пат за Кина?
(Со тоа што им кажуваше за Господ Исус на сите, вклучувајќи го и капетанот).

2. Ако некогаш планираш да бидеш мисионер, каде треба да ја почнеш твојата мисионерска работа? (Овде).
Кога треба да започнеш? (Сега).
Како треба да започнеш? (Со тоа што ќе им кажам на оние во моето семејство и на пријателите за Исус).

3. Што правеше Чарлс секое утро?
(Ја читаше Библијата и се молеше).

4. Зошто е важно секој од нас да сака да Му служи на Бог, да го чита Неговото Слово и да се моли?
(За да ја дознае Божјата волја и да ја има Неговата сила и благослов).

5. Што пропати г-дин Фан за Исус ?
(2000 удари со бамбусов стап и беше пратен во затвор).

6. Дај неколку примери за тоа како ние можеби ќе страдаме додека го следиме Исус?
(Други ќе ни се потсмеваат; може да не нѐ сакаат, па дури и да сакаат да нѐ повредат).

7. Зошто Чарлс се откажа од своето богатство?
(За целосно да зависи од Бог).

8. Дали мислиш дека Присила беше вистинската жена за Чарлс? Ако била, зошто?
(Да. Таа го имаше предадено секој дел од нејзиниот живот на Бог и Негова волја беше тие двајца да се земат).

## ЧЕТВРТ ДЕЛ
## НОВИ ЧЕКОРИ ВО ВЕРАТА

**Слика 4-1**

Откако во Кина поминаа 10 години како мисионери, беше време да се вратат дома за да ги видат пријателите и семејството. Дури и кога Присила требаше да се пораѓа тие не одеа до крајбрежјето на Кина бидејќи тоа значеше предолго да се остави работата. Сега по 10 години Бог ги водеше дома. Беше тоа тажен ден кога требаше да си заминат. Голема група луѓе кои беа станале христијани преку тоа што ги слушале како го проповедаат Евангелието ги испрати до наредното село, на патот кон брегот. Им беше тешко да се збогуваат со овие луѓе кои толку многу ги беа засакале.

Патувањето до Шангај, со четири мали деца не беше воопшто лесно. Дел од патувањето беше на носилки закачени на мазги; друг дел на товарен брод по реката каде што спиеа на кутии кои не беа на исто ниво. Во тоа време Кина беше во војна со Јапонија и Кинезите мислеа дека тие се Јапонци, или во најмала рака нивни пријатели, па така, кога и да застанеа во некое пристаниште се собираше народ за да ги види оние што ги нарекуваа "странски ѓаволи". Бог ги сочува на тоа опасно патување.

Тогаш на ред дојде долгото патување назад за Англија со брод. Екипажот имаше мал оркестар кој свиреше за патниците; девојчињата на Чарлс уживаа да ги слушаат. Третиот ден тие дојдоа кај своите родители и им рекоа: "Не ги разбираме овие мисионери, тие само свират, а никогаш не пеат песни, ниту пак се молат". Во својот живот во внатрешноста на Кина тие никогаш немаа видено бел човек кој не е мисионер!

**Слика 4-2**

Кога пристигнаа дома, тие престојуваа кај баба Стад. И Чарлс и Присила беа истрошени од болестите во Кина, долгите часови напорна работа и недостатокот од добра храна. На четирите девојчиња многу им се допадна кај баба им. Тие уживаа во добрата храна; почнаа да одат во училиште и си најдоа нови пријатели; одеа на прошетки низ прекрасната англиска природа. Сѐ беше толку различно од Кина, особено храната. Таму семејството поголемиот дел од времето живееше на ориз.

Ако сретнеш мисионерско семејство кое е на одмор во твојата земја, дали си љубезен кон децата? Дали се обидуваш да бидеш пријателски расположен и да зборуваш со нив? На девојчињата

на Чарлс многу им значеше што беа добредојдени кога се вратија во Англија.

Чарлс полека оздраве и почна да зборува на собири и да посетува цркви и пријатели кои се молеле за нив. Присила, пак, остана многу слаба. Немаше многу можности тие да се вратат во Кина. Бог за нив имаше планирано нешто друго. Прекрасно е кога знаеш дека Бог ни ветил оти ќе биде со нас кога ја исполнуваме Неговата волја и зависиме од Него. Вестите за "Седморката од Кембриџ" го поминаа Атлантикот. Најстариот брат на Чарлс, Кинастон, имаше отпатувано за САД и таму на состаноци кажа за она што се случуваше. На универзитетите се започна со работа и двајца студенти одлучија да започнат со "Движењето на Доброволците Студенти" за да охрабрат повеќе студенти да одат како мисионери. Чарлс беше повикан да отиде таму. Тоа значеше да го остави семејството и да тргне на долг пат до САД. Тоа значеше да се патува од место до место за собири и да се посвети многу време на лични одвоени разговори со студенти. Чарлс прифати, бидејќи Бог го бараше тоа од него. Бог беше со него тие 18 месеци во САД, додека тој зборуваше на собири. Стотици студенти го примија Христос како Спасител и многумина ветија дека ќе одат на мисиското поле, ако Бог тоа го побара од нив.

Бидејќи Бог го водеше Чарлс Стад да го направи тоа, не значи дека ние денес треба да го направиме истото. Не е денес убаво мисионер да биде толку долго одвоен од своето семејство. Треба да се сетиме дека тогаш беше тешко да се патува, бидејќи немаше авиони. Тоа беше тешко време за жена му Присила дома. Таа често беше болна и осамена. Требаше да ги израсне децата сама. И таа сакаше да зборува на собири, како Чарлс, но мораше да научи да биде стрплива.

**Слика 4-3**

Тогаш Бог му даде на Чарлс друга работа. Од 1900 до 1906 семејството отиде да живее во Јужна Индија, каде што Чарлс беше пастор во црква. Имаше две нешта што го доведоа да ја прифати оваа работа. Прво, тоа беше последната желба на неговиот татко пред да умре, и второ, тоа беше голема желба на неговиот брат Џорџ. И двајцата таму имаа фарми, но во различен временски период. Меѓутоа, ниту еден од нив додека беше таму не им посведочи на Индијците за Господ Исус. Тие сметаа дека еден од семејството Стад треба да го исправи тоа и да отиде таму како мисионер. Чарлс беше тој што отиде и нормално, неговата сопруга и ќерките отидоа со него. Црквата во таа област беше за луѓето што зборуваа англиски; таму имаше многу Британски воени офицери и војници.

Тоа беа шест прекрасни години години кога семејството можеше да биде заедно. Тие можеа да канат луѓе во нивниот дом. Чарлс можеше да си игра со девојчињата. Имаше многу интересни места што можеа да се посетат и интересни работи да се направат. Нивната голема желба беше да видат други луѓе како доаѓаат кај Спасителот. Бог им одговори на нивните молитви.

**Слика 4-4**

Еден човек кој стана христијанин беше главен службеник во локалната воена канцеларија. Тој немаше отворено Библија цели 23 години. Неговиот мал син го убедил да дојде во црква. Синот мурекол: "Ти мораш да дојдеш и да го слушнеш г-дин Стад. Тој од проповедалната зборува за леб и путер". Чарлс искористил една илустрација за да каже како Бог ги исполнува секојдневните потреби. Таткото бил и продолжил да доаѓа. Подоцна тој му пишал на Чарлс Стад: "Секоја недела во црква сѐ појако и појако ме убедувавте за мојот грев. Минатата недела почувствував дека морам да се одлучам. Имаше голема борба помеѓу мене, Бог и ѓаволот. Фала му на Бог, Тој победи." Имаше толку голема промена во неговиот живот што детето Индиец кое работеше за него рекло: "Што се случи со господарот? Тој секогаш само пцуеше а сега само зборува за црквата." Ова индиско момче ја забележа промената и заедно со другите домашни редовно доаѓаше на собирите кога семејството ја читаше Библијата и се молеше. Дали другите можат да видат дека си христијанин, дека твојот живот е поинаков?

Цело ова време Чарлс се бореше со астмата, болест која на болниот му пречи да дише. Тој ретко можеше да спие помеѓу 2.00 и 4.00 наутро поради јакото кашлање. Како и да е, имаше и радости, бидејќи сите четири ќерки го примија Исус за свој Спасител додека беа во Индија. Подоцна кога семејството Стад се врати во Англија, Бог им овозможи преку еден пријател да се школуваат во Англија и Швајцарија. Чарлс Стад му пиша на еден пријател за нив: "За мене е голема радост да ги видам сите мои четири девојки на страната на Господ. Само за тоа јас чувствувам дека Му ја должам секоја капка крв и љубов во телото и срцето на благословениот Спасител." Бог ни ветува дека ќе биде со нас ако ние ја исполнуваме Неговата волја и ако зависиме од Него за сѐ.

**Слика 4-5**

Бог го подготвуваше Чарлс Стад за неговото најголемо дело. Семејството се врати од Индија во Англија. Чарлс имаше состаноци низ целата

земја. Еден ден откако зборуваше на состаноци во Ливерпул, еден плакат го привлече неговото внимание. Тој го насмеа бидејќи пишуваше: "Канибалите сакаат мисионери". Се разбира дека канибалите не сакаа мисионерите да одат таму за да ги изедат, туку им беа потребни за да го проповедаат Евангелието. Чарлс Стад одлучи да дознае повеќе за овој чуден плакат. Плакатот беше покана за еден мисионерски состанок. Чарлс отиде таму и слушна како еден човек ја споделува потребата за работници во централниот дел на Африка. Тој рече дека таму биле истражувачи, ловци, трговци, дипломати, но ниту еден христијанин не отишол кај тие племиња за да им каже за Исус. Додека Чарлс во себе размислуваше: "Зошто не отишле христијаните?", како Бог да проговори: "Зошто не отидеш ти?" Чарлс одговори: "Докторите нема да ми дозволат." Тогаш дојде одговорот: "Јас сум Бог кој те лечи. Зарем не ми веруваш? Јас ќе бидам со тебе и ќе те штитам ." Веќе немаше оправдувања за да не оди. Тој знаеше дека мора да оди. Единственото прашање беше: "Како"? Тој немаше пари. На 50 годишна возраст и по 15 години нарушено здравје, како ќе се справи со топлината и климата, болестите и тешкотиите во срцето на Африка?

**Слика 4-6**

Чарлс знаеше дека Бог сака тој да оди. Тоа тој го сподели со група мажи кои одлучија да формираат одбор за да му помогнат. Тие поставија еден услов - тој да оди на лекарски преглед за да се види дали е здрав. Одговорот на докторот беше "не". И затоа одборот реши да не го прати. Неговиот одговор беше: "Господо, Бог ме повика, и јас ќе одам. Јас ќе ја направам патеката, а мојот гроб можеби ќе биде првото скалило по кое ќе ме следат младите луѓе."

Тој беше спремен да оди и да го проповеда Евангелието во центарот на Африка дури и по цена на својот живот. И други мисионери подоцна тргнаа по неговите стапки.

Можеби ти измислуваш оправдувања пред Бог дека не можеш да Му служиш. Можеби велиш: "Не сум доволно силен", или, "не сум доволно умен за еден ден да станам мисионер", или, "Јас сум презафатен за да ја работам сета оваа работа за Бог", или, "Не сум доволно добар за да работам за Бог". Господ е способен да ти ја даде силата и да ти помогне да го направиш она што Тој го бара. Тој ветува: "*И еве јас сум со вас во сите дни до крајот на светот*"(Матеј 28:20). Библијата вели: "*Оној што ќе ја загуби душата за Мене и Евангелието ќе ја спаси*"(Марко 8:35).

Следниот пат ќе видиме како Бог се погрижи за потребите на Чарлс. Дали ти сметаш на Бог кој може да го направи тоа што изгледа невозможно за луѓето? Тој и денес може да го направи тоа, ако ние сме подготвени да ја извршуваме Неговата волја.

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ ЗА ЧЕТВРТИОТ ДЕЛ

1. Колку години Чарлс работеше како мисионер во Кина?
   (Десет.)

2. Што можеме ние како христијани да направиме за да им помогнеме на мисионерите?
   (Да се молиме, даваме, пишуваме, да бидеме пријатели со нив кога ќе се вратат дома).

3. Што направи Чарлс кога се врати дома?
   (Си ја поврати силата, зборуваше на собири во Англија и САД.)

4. Каде им даде Бог на Чарлс и Присила нова работа за 6 години?
   (Во Јужна Индија.)

5. Што се случи кога малото момче го убедуваше татко му да дојде во црква и да го чуе Чарлс Стад?
   (Тој поверува во Исус, неговиот живот се промени и почна да одржува молитвени и библиски состаноци во својот дом заедно со семејството).

6. Што имаше напишано на постерот кој го натера Чарлс да дојде на состанокот за Африка?
   (Канибалите ги сакаат мисионерите).

7. Зошто одборот му рече "не" на Чарлс во врска со одењето во срцето на Африка?
   (Докторот рече дека тој не е способен за тоа.)

8. Кои се некои од изговорите кои што христијаните денес ги смислуваат за да не Му служат на Бог?
   (Јас не сум доволно силен, паметен, или, не сум доволно добар).

## ПЕТТИ ДЕЛ
## НОСЕЈЌИ ГО ЕВАНГЕЛИЕТО ВО АФРИКА И НИЗ ЦЕЛИОТ СВЕТ

**Вовед:**

Чарлс Стад знаеше дека Бог сака тој да оди во срцето на Африка како мисионер. Одборот рече: "Докторот вели дека си премногу болен". Што направи Чарлс? Немаше пари. Имаше преку 50 години. Годините мисионерска работа во Кина и Индија го оставија со слабо здравје. Единственото што можеше да го направи беше да Му верува на Бог .

**Слика 5-1**

Имаше брод што по три недели тргнуваше за Африка. Чарлс немаше доволно пари да ја плати картата. По средбата со комитетот некој му даде 10 фунти. Тој ги искористи за да резервира карта. Бог им стави на срце на други луѓе да дадат придоноси и сите потребни пари беа собрани.

Чарлс замина со брод на 15 декември 1910. Тој патуваше сам. Му стана јасно дека тоа што го прави е почеток на нешто многу поголемо - нов голем чекор да се однесе Евангелието до многу луѓе низ целиот свет кои порано не слушнале за него. Тој на својатја драга жена Присила која остана дома ѝ пиша за овој потфат со цел да ја охрабри да Му верува на Бог дека ќе ѝ даде подобро здравје за и таа да може да има дел во ова работа.

По кус престој во Картум,Чарлс со уште двајца други луѓе тргна на пат долг 1400 километри за сам да ја види потребата на луѓето таму. Тој слушна за многуте луѓе долу, на југозапад, во Белгиско Конго кои никогаш немаа слушнато за Исус. Бог му покажа дека тој треба да работи за Него таму. Тој се врати назад во Англија за да организира нова мисија.

Ноќта пред да замине за Африка, Бог го водеше да каже нешто, што подоцна ќе стане мото на новата мисија:

Ако Исус Христос е Бог и умре за мене, тогаш ни една жртва што треба да ја направам за Него нема да биде преголема.

Еден млад господин со свои 21 години, по име Алфред Бакстон тргна заедно со Чарлс. Нивното патување до Конго не беше лесно. Мораа да се соочат со страшната треска од маларија; не го знаеја јазикот на населението; многу од племињата беа човекојадци кои пред тоа имаа убиено други бели луѓе. Еднаш двајцата тргнаа по погрешна патека и се оделија од своите африкански помошници кои ги носеа нивните лични работи. Бог им ја даде идеата да ги употребат украсните копчиња од панталоните за да "купат" храна и човекојадците ги оставија на мира. Сигурно си помислиле дека белците се премногу слаби за јадење.

Конечно, по 9 месеци патување низ густи шуми и мочуришта, тие пристигнаа на својата цел - во срцето на Африка. Бог ги доведе до едно место на работ на големата тропска шума со најголемата популација во целото Конго. Со помошта на еден Белгиски службеник тие успеаа да добијат земја за да основаат мисиска станица. Бог беше таму пред нив и го имаше подготвено патот. Неговата заштитничка рака беше над нив. Едно утро, кога Чарлс заврши со појадокот, двајца од помошниците дојдоа кај него и му кажаа дека во неговиот кревет има змија. Чарлс отиде и под ќебето пронајде тенка зелена змија. Едно каснување од неа значеше сигурна смрт. Сепак таа лежела покрај него цела ноќ. Чарлс се сети на зборовите од Псалм 91: "*Зашто ќе им заповедаш на ангелите свои за Тебе да те чуваат на сите патишта Твои*". Чарлс му се заблагодари на Бог за Неговата заштита.

**Слика 5-3**

Бог исто така ги имаше подготвено срцата на луѓето за Евангелието. Каде и да одеа, луѓето кои порано беа канибали, крадци и убијци, ги пречекуваа со раширени раце. Дојдоа и други мисионери да помогнат во работата и наскоро беа крстени првите христијани. Некои од нив одеа по три месеци за да им го однесат евангелието на оние кои го немаа слушнато. Подоцна некои отидоа како мисионери кај други племиња. Новиот Завет и делови од стариот беа преведени на Бангала јазикот. Овој јазик го зборуваа речиси 100 племиња во таа област, но тие тогаш не го знаеја тоа. Наскоро на тоа големо пространство (1000 км на 500 км) се формираа цркви. Илјадници кои до пред малку славеа идоли и имаа направено лоши работи беа променети од Господ Исус Христос.

Не беше лесно. Двете ќерки на Чарлс заедно со своите сопрузи му се придружија како мисионери. Еден пар го погреба своето дете во Африка, откако тоа почина таму од болест. За време на последните 13 години од својот живот, Чарлс ја виде својата жена само две недели пред да отиде да биде со Бог. И самата Присила не беше добро. Сепак таа од својот дом и од инвалидската постела основа центри за молитва, подготвуваше молитвени писма и трактати за работата и често пишуваше 20 до 30 писма дневно. Таа исто така раководеше со издавањето на мисиското списание.

Нејзините ќерки ѝ помагаа во работата. Подоцна Бог ѝ даде сила и таа патуваше и говореше на состаноци за мисионерската работа. Иако ти можеби никогаш нема да отидеш како мисионер, ако си христијанин можеш да помогнеш во мисиската работа - преку молење, давање, па дури и преку допишување со мисионерите.

**Слика 5-4**

Најтешките години беа за време на Првата светска војна, кога имаше голем недостиг од работници. Алфред Бакстон, кој работеше шест години за Чарлс, едно време мораше да се врати во Англија.

Но, најтешко им падна кога некои од водечките христијани почнаа да ги прават работите кои ги правеа пред да станат христијани. Бог ѝ помогна на малата група мисионери да продолжи и нивните молитви им беа одговорени во 1920 год. кога пристигнаа нови работници, а наредната година се врати и Алфред Бакстон за да помогне во раководењето на работата.

Ова на Чарлс му овозможи да отиде на југ во Ибамби за да започне да работи во таа нова област. Африканците го нарекуваа "Бвана Мукубва", што значи "големиот бел водач". Луѓето доаѓаа во голем број за да го слушнат Евангелието и многу дојдоа при Исус и беа крстени. Тој започна да оди во околните шуми и уште многу луѓе го запознаа Спасителот. За една посета тој напиша: "Најдов околу 1500 црнци како клечат на земја под жешкото сонце, збиени како сардини. Некои имаа одено и по 10 часа за да го слушнат Божјото Слово. Тие беа гладни да го слушнат Евангелието. Не им пречи ако состанокот трае два часа. Според нашите упатства тие си изградија голем трем покриен со трева - домот Божји - што собира 1250 луѓе, за да можат да слават и покрај бурите и сонцето."

Многумина се обидуваа да го убедат Чарлс да се врати во Англија за да се одмори. Тој одбиваше да оди, знаејќи дека има толку многу кои сакаат да го слушнат Евангелието. До 1923, заедно со Чарлс на тоа големо пространство во срцето на Африка имаше 40 мисионери. Вредеше што тој го послуша Божјиот повик 10 години пред тоа, и да отиде таму со Евангелието. Ова беше само почетокот, бидејќи Бог на Чарлс му ја стави на срце секоја земја каде што Евангелието сè уште не беше познато.

**Слика 5-5**

Чарлс постојано мислеше на луѓето кои немаа слушнато за Исус. Тој пишуваше трактати за да ги предизвика христијаните да одат кај нив: "Бог нам ни ги отворил вратите на светот ... срцето на Азија, на Африка и речиси цела Јужна Америка, се недопрени од Евангелието на Исус ... можно ли е ушите на Христовите војници да се глуви за Божјиот повик и на повиците на човечките души кои умираат?" Мисијата започна да работи и во други делови на светот -Амазонските џунгли во Јужна Америка, во Централна Азија (Тибет), во Арабија и Западна Африка. Во 1991 WEC (Worldwide Evangelization for Christ) (Мисија за евангелизирање за Христос по целиот свет) имаше повеќе од 1400 постојани мисионери, во 50 држави, низ целиот свет.

Последните години од животот на Чарлс беа поминати во постојана работа за Бог, во водење на луѓето до Исус и во изградување на верниците да живеат чист живот, целосно предаден на Исус. Малкумина ќе можеа да го поднесат тешкот живот што тој го живееше. Живееше во едноставна бамбусова колиба исто како Африканците. Неговиот ден започнуваше рано, со нјмалку два часа молитва и проучување на Библијата. Многу често тој наутро им проповедаше на луѓето, а состаноците ретко траеја помалку од три часа. Тој исто така се трудеше градежните работи да се изведуваат во најдобар ред. Имаше многу писма на кои требаше да одговара - од центарот на мисијата и од други мисионери. Секоја вечер заедно со другите мисионери имаше двочасовен молитвен состанок. Најмногу од сè, Чарлс сакаше да оди надвор и да го проповеда Евангелието. Неделите тој обично проповедаше на три состаноци и честопати остануваше да проповеда во понеделник и вторник. Покрај тоа, тој го започна преводот на Новиот Завет на Кингвана; тој го заврши ова, заедно со Псалмите и делови од Соломоновите поговорки. За време на тие години, Чарлс имаше многу болки, како резултат на многуте прележани болести. Му беше даден еден многу јак лек наречен морфиум за да му ја намали болката. Тоа стана голем проблем; тој сфати дека повеќе не можеше без него. Такви силни лекови има и денес, и со нив луѓето треба да бидат многу внимателни.

Сега Чарлс имаше над 70 години. Неговата драга жена Присила замина да биде со Бог две години пред тоа. Чарлс во текот на годините имаше прележано многу болести и неговото тело беше слабо и изнемоштено. На 12 јули 1931 тој за последен пат говореше во Имбамби - состанок кој траеше пет часа. Наредните четири дена тој

станувашe сè поизнемоштен, и страдаше од камења во жолчката и од слабо срце. Четвртокот навечер отиде да биде со Бог. Последниот збор што го кажа беше "Алелуја" (слава на Бог). Беше погребан во срцето на Африка; на неговиот погреб мисионерите и африканските христијани повторно му се посветија на Бог и на Неговото дело. Бог го употреби Чарлс на мнозина да им каже за Евангелието само затоа што тој го предаде сиот свој живот на Господ Исус - неговото време, неговите пари, неговиот ум, срце и тело.

Ако си христијанин, дали си подготвен да кажеш заедно со Ч.Т. Стад: "Ако Исус Христос е Бог и умре за мене, тогаш ни една жртва што треба да ја направам за Него нема да биде преголема." Дали си подготвен да кажеш: "Господи, каде и да сакаш да одам, во било кое време да сакаш да работам за Тебе, сè што ќе посакаш да направам, јас ќе го сторам. Да, Господи, било каде, било кога и било што."

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ ЗА ПЕТТИОТ ДЕЛ

1. Зошто мислиш дека Чарлс за прв пат отишол во Конго?
(За самиот да ги види потребите на луѓето).

2. Што рече Чарлс пред да замине повторно за Африка? Тоа стана мото на новата мисија: "Ако Исус Христос е Бог и умре за мене, тогаш ---------- (ни една жртва што треба да ја направам за Него нема да биде преголема.)

3. Кој отиде со Чарлс, за заедно да ја започнат работата?
(Еден младич од 21 година по име Алфред Бакстон).

4. Наведи неколку начини на кои Бог им помогнал.
(Ги заштитил од канибали и од змијата; добиле парче земја на која основале мисиска станица; Бог ги подготвил срцата на луѓето за Евангелието; напомош дојдоа други мисионери.)

5. Кои беа некои од тешкотиите?
(Еден пар, ќерката на Чарлс и нејзиниот сопруг го погребаа своето прво дете во Африка откако тоа почина од болест; Чарлс и Присила долго време не беа заедно; имаше голем недостаток од работници.)

6. Што беше најтажно?
(Кога некои од водечките африкански христијани пак започнаа да ги прават лошите работи што ги правеле порано.)

7. Како Бог ја употреби работата на WEC за да го пренесе Евангелието на луѓето кои го немаа слушнато?
(Повеќе од 1400 постојани мисионери во 50 земји.)

8. Кој беше последниот збор на Чарлс пред да умре и отиде во рајот?
(Алелуја.)